**12.11. 1 БИОГРАФИЈА НА ТРПО** СПИРОВ **ОНУФРИЕВСКИ (54) ОД ЛЕШОК**
(Првиот учен учител од Лешок и Долни Полог)

Роден е на 12 јуни 1896 година-по стариот календар во Лешок, Срез Горно Полошки, Округ Тетовски, а умира и закопан е во гробиштата Св. Ѓорѓија во Булино на 26.06.1933 година во Лешок.



(Трпо Онуфриевски-првиот учител од Лешок )
(Trpo Onufrievski- first teacher in Lesok )

Според Изводот од книгата на венчаните од 20 / III ( 2-IV-) 1926 година издаден од храмот Св. Никола во црквата Жилечка венчан е на 21 (4-VIII ) јули 1917 година со Цвета Петрушева од Непроштено, а се венчани во црквата Св. Богородица во Лешок.



(Цвета Петруш Онуфриевска )
(Cveta Petrush Onufrievska )

На Трпо мајка му е Менуша од родот Качои од Лешок, а татко Спиро Онуфриевски, сцештеник, роден 1858 година во Лешок, а на невестата Цвета, мајка и била Румена дојдена од Брезно од родот Милевци, а татко Петруш Димовски, земјоделец од родот Петкои односно Аџиини од Непроштено.



( Баба Цвета Онуфриевска, невеста( нееста ), во средина и дејке од Лешок во носија,1917 )
(Baba Cveta Onufrievska, bride (neesta) in the middle of the girls, who are wearing costumes,1917)

Трпо и Цвета за прв пат стапуваат во брак, а Трпо како војник-ученик, а Цвета како девојка.

Венчувањето го извршил свештеникот Глигорие Спиров Онуфриевски, кој бил и најстар син на поп Спиро и брат на дедо ми. Инаку, Менуша и Спиро имале четири сина: Глигорие, роден 1880, Трпо, 1896 и близнаците Андро и Никче, кои се родени 1900 година и Драган роден 1906 година, кој умира како дете.



Текући број 11

Страна књиге 4

# Извод

из књиге за уписивање венчаних, цркве Жилчанске

храма Св. Николе

| | | |
|---|---|---|
| Име, презиме и радња | младожење | Трпко С. Онуфријевић, зак-војник |
| | невесте | Цвета Петрушевић, девојка |
| Име, презиме и радња родитеља | младожење | Спира и Менуша Онуфријевићи, свешт. |
| | невесте | Петруш и Румена Димовићи, земљор. |
| Година, месец и дан рођења | младожење | 12 јуна 1896. год. по старом колен. |
| | невесте | 19 марта 1896. год. по старом календ |
| Место рођења | младожење | с. Лешак |
| | невесте | с. Непроштено |
| Место становања | младожење | с. Лешак |
| | невесте | с. Непроштено |
| У који брак ступа | младожења | брак први |
| | невеста | брак први |
| Храма или места, где је венчање свршено | | Св. Богородицу у Лешку |
| Година, месец и дан венчања | | 21 (4-VIII-) јуна 1917. год. |
| Име и презиме свештеника који је венчање свршио | | Спира Онуфријевић, свешт. [illegible] |
| Име и презиме кума, његова радња и одакле је | | Самојло Атанасовић, земљор. из Слатине |

у Лешку месец 20/IV–2/VI дан ____ година 1926. г.

Ж.К.бр.83

Парох,

(М.П.) Спира Онуфријевић свешт. с.р.

8-109-X-25-c.

(Извод на венчани на Трпо и Цвета Онуфриевски на 21 јули 1917-Извор: ред.бр.137 )
(Marriage certificate of Trpo and Cveta Onufrievski on 21 July,1917-Source:ordinal number 137)

Како кум е потпишан Самоил Атанасовски, земјоделец од Слатина, кој го посинува Ѓоро Божиновски од Цојооj од Лешок, кој има два сина Косте, Борко и ќерка Олга, кои ни се стари кумови.

Во бракот дедо ми Трпо и баба ми Цвета Онуфриевски имаат 4 деца: Ратка, Живко, Олга и Слободан. Двете ќерки Ратка и Олга умираат како деца, а синовите Живко и Слободан доживуваат длабока старост. Имено, Живко Спироски живее 82 години и Слободан Спироски, оваа 2009 година полни 80 години.

Фотографии од трите деца( Живко, Олга и Слободан) на Цвета и Трпо Онуфриевски:



Живко Т. Спироски -1924 | Олга Т.Онуфриевска-1928 | Слободан Т. Спироски-1929
Zivko T. Spiroski -1924 | Olga T.Onufrievska-1928 | Slobodan T. Spiroski-1929

Трпо и Цвета Онуфриевски имаат 5 внуци: Митко, Милица, Мирко, Радмила и Борчо, потоа 11 правнуци: Огнен, Искра, Наум, Горан, Игор, Ели, Иво, Зоран, Маја, Марко и Марија и до денес септември 2009 година имаат 7 чукун внучиња: Јаков, Марија, Димитар, Евгенија, Елена, Стефан и Луна.

Внуците (5) на Цвета и Трпо Онуфриевски:



Милица -1944 | Мирко-1948 | Митко-1949 | Рада-1950 | Борчо-1954
Milica -1944 | Mirko-1948 | Mitko-1949 | Rada-1950 | Borco-1954

Значи, до денес, април, 2009 година Трпо и Цвета Онуфриевски имаат вкупно 26 потомци: 4 деца, 5 внуци, 11 правнуци и 7 чукун внучиња.

Правнуците (11) на Цвета и Трпо Онуфриевски:



Огнен -1982 | Искра-1984 | Марко-1988 | Марија-1991 | Маја-1973 | Зоран-1971
Ognen -1982 | Iskra-1984 | Marko-1988 | Marija-1991 | Maja-1973 | Zoran-1971



Наум -1967 Горан-1973 Ели-1978 Иво-1978 Игор-1972
Naum -1967 Goran-1973 Eli-1978 Ivo-1978 Igor-1972

Подетално за Трпо и Цвета Онуфриевски и нивните потомци пишувам во поднасловите: 7, 10, 11, 12, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26 и 27 од оваа книга.




(Свадбата на Трпо и Цвета Онуфриевски, 21 јули 1917 г. Трпо и браќата поп Ѓиго, Никче и Андро )
(Wedding on Trpo i Cveta 21 july 1917, and Trpo i brothers priest Gigo, Nikce and Andro )

Инаку, Трпо е мобилизиран од Бугарската војска и учествува во Балканските војни, некаде далеку во Бугарија, најверојатно кај Едрене, а мобилизиран е како војник и во Првата светска војна.



( Трпо Онуфриевски, 1913, војник во Втората Балканска војни, како бугарски војник со тројца војници, Симче Момировски и Спасо Ристов Милосевлевски од Лешок )
( Trpo Onufrievski, 1913,soldier in Second Balkan wars as Bulgarian soldier with three soldiers, Simce Momirovski and Spaso Ristov Milosevlevski - Lesok )




( Трпо Онуфриевски, војник во балканските војни, како бугарски војник со тројца војници-текст позади)
( Trpo Onufrievski, soldier in Balkan wars as Bulgarian soldier with three soldiers – text behind)

За време на првата светска војна бил земен како бугарски војник и со решение на Командантот на Вардарска Дивизиона област П-Ѓ бр. 4845 од 15-3-1921 година на Кралевина на Југославија, на дедо ми Трпо Онуфриевски му се запишани и признати 19 месеци и 40 денови, како учество во војна и признати му се во стаж. Во воената